РЕПУБЛИЧКИ
СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
НА СООБРАЌАЈОТ
НА ПАТИШТАТА

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РСБСП

ЗА 2023

ГОДИНА

Согласно член 371 и 374 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на својата 26 седница одржана на **23 Февруари 2023, донесе:**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РСБСП ЗА 2023 ГОДИНА

Програмата за работа на РСБСП за 2023 година е изготвена врз основа на законските надлежности на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата предвидени со член 370,371,372,373 и 374 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Предвидените мерки и активности во Програмата за работа на РСБСП за 2023 година истовремено претставуваат и акционен план за имплементација на Втората национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2НС) и истите се во функција на реализација на нејзините цели, нејзината визија и нејзината мисија.

Програмата за работа на РСБСП за 2023 година претставува рамковен документ во кои се опфатени најважните активности кои РСБСП самостојно или во соработка со партнерите ќе ги реализира во 2023 година. За секоја активност, кампања или настан предвидени во Програмата за работа на РСБСП за 2023 година, Советот дополнително изработува поединечна програма или акционен план за реализација.

Во рамките на Програмата за работа на РСБСП за 2023 година опфатени се повеќе активности, кампањи, настани, стручни и научни собири и манифестации кои РСБСП традиционално ги реализира повеќе години, но исто така опфатени се и повеќе други активности кои имаат за цел ефикасно и ефективно дејствување во насока на подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Програмата за работа на РСБСП за 2023 година се состои од голем број на сообраќајно едукативни кампањи, активности од едукативно - образовен карактер, научно – истражувачки активности, изработка на стручна и едукативна литература, организација на едукативни трибини, предавања, стручни собири, тркалезни маси, организација и учество на домашни и меѓународни конференции, работилници, обуки, продукција и емитување на едукативни видео материјали за сообраќајот, едукативно дејствување преку социјалните мрежи, едукативно дејствување преку електронските и пишаните медиуми, итн.

Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди е главната цел на РСБСП во 2023 година и се очекува да се постигне преку интензивна соработка и заедничко дејствување со сите надлежни институции и преку целосна реализација на предвидените активности од програмата за работа.

Во 2023 година РСБСП во својата работа акцент ќе стави на унапредување на безбедноста на децата, пешаците, мотоциклистите и младите како масовни и ранливи групи учесници во сообраќајот. Посебен фокус во работата на РСБСП во 2023 година ќе биде ставен на најважните ризик фактори кои ја загрозуваат безбедноста во сообраќајот на патиштата, како што се брзото возење, управување на моторно возило без возачка дозвола, управување на технички неисправни и нерегистрирани возила, мобилни телефони и управување на моторно возило под дејство на алкохол, итн.

Активности кои ќе бидат реализирани во 2023година се поделени во повеќе групи и тоа  активности кои ќе се реализираат со подршка на:

- Комисијата за сообраќајно техничко воспитување и образование на децата, младите и возрасните во сообраќајот и примена на научните достигнувања од областа на сообраќајот;
- Комисија за имплементација на Национална стратегија;
- Комисија за правни и организациски работи;
- Комисијата за меѓународна соработка, маркетинг и односи со јавност
- Комисија за соработка и координација на активностите со ОСБСП, НВО, здруженија на граѓани и др.
- Комисијата за јавни набавки;
- Тековни- оперативни активности;

Сите овие активности ќе се реализираат во согласност и со подршка од Комисијата за финансирање на активностите и распределба на финансиските средства, како и во соработка и со поддршка од надлежните институции и организации и останатите партнери.

Преглед на предвидени активности за 2023 година:

- Поважните активност се болдирани

| Реден број | Основ | Активност | Цел и опис на активност | Реализација | Период | Очекувани резултати од активноста |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Во согласност со ЗБСП и остварувањето на целите од 2НС | **Организирање и одржување на седниците на РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП | Оперативно разгледување и имплементација на тековните задачи на РСБСП во насока на реализирање на Програмата за работа за 2023 година, како и разгледување на конкретни иницијативи, предлози и прашања во врска со постигнување на целите од 2НС | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности предвидени со Програмата за работа на РСБСП за цела година | Ефикасно реализирање на програмските активности на РСБСП и координиран и организиран пристап во имплементацијата на 2НС |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | Во согласност со целите на 2НС и реализацијата на програмските активности | **Организирање и реализирање на седниците на Комисите при РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП и покренување на иницијативи и акциони планови за реализација на Програмата за работа на РСБСП од Комисиите до РСБСП | Успешно реализирање на програмските активности на РСБСП и Комисиите, како и разгледување на тековните предлози и мерки за остварување на целите на РСБСП | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности | Ефикасно реализирање на Програмата за работа на РСБСП и Комисиите |
| **2.** | Согласно член 375 од ЗБСП | Учество на претставници на РСБСП во работата на **Координативното тело на Владата за спроведување на Втората национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и покренување на иницијатива и учество во изработката на Третата национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2023 – 2030** | Имплементацијата на 2НС преку подобра координација и зголемување на активностите на сите органи, институции и организации надлежни за нејзина имплементација и изготвување на Третата национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 3НС 2023 – 2030 | **Реализација на мерки и активности за имплементација на Втората национална стратегија** и организација на тркалезна маса, работни, стручни и координативни состаноци со цел подготовка и **изготвување на Третата национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 3НС 2023 – 2030** | Во текот на 2023 | Координација на надлежните институции во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата во насока на импементација на 2НС и изготвување на Третата национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 3НС 2023 – 2030 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Во врска со точка 2.11 од 2НС | **Активности на РСБСП за спроведување на истражувачки проект за идентификација на најчестите грешки кои ги прават возачите** | Идентификација и таргетирање на најчестите грешки кои што ги прават возачите со цел изработка на база на податоци за водење на ефективни кампањи со јасно дефинирани цели и задачи | Организирање и спроведување на анкета со релевантен примерок на анкетирани лица, спроведување на опсервација за детектирање на најчестите грешки, прибирање на податоци од МВР и анализа на податоци | Во текот на 2023 | Добивање на јасни и прецизни податоци со кои што РСБСП ќе се служи во организирањето и спроведувањето на кампањи и активности со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата |
| **4.** | **Во согласност со ЗБСП И 2НС** | **Активности на РСБСП изразени преку учество во медиуми и закуп на медиумски простор** | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот преку закуп на медиумски простор во електронските и пишаните медиуми и закуп на јавен медиумски простор – билборди, автобуси, веб портали, радио канали, итн. | Објава на сообраќајно едукативни текстови, пораки, совети, банери и други креативни содржини за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку едукација и подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.1** | **Во согласност со 2НС** | **Активности на РСБСП за сообраќајно едукативно дејствување – „герила“ маркетинг** | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот преку реализација на едукативни „герила“ акции поддржани од брендирани ликови – маскоти | Изработка на две маскоти – и нивно учество во превентивно едукативни активности | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку едукација и подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот |
| **5.** | **Во согласност со 2НС** | **Активности на РСБСП изразени преку учество во меѓународна соработка** | Размена на искуства и промоција на меѓународната соработка во областа на безбедноста на патниот сообраќај | Присуство на меѓународни конференции, стручни собири, семинари, советувања, студиски посети и други манифестации од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и учество на работни состаноци во меѓународни организации и надлежни органи и институции за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку размена на искуства, знаења и позитивни пракси. |
| | | | Реализација на сообраќајно едукативни проекти во соработка со меѓународни организации | Подготовка на документација аплицирање и имплементација на проекти за поголема соработка со меѓународни организации | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Во врска со целите од 2НС | **Организација и реализација на активности за новогодишните празници** | Сообраќајно едукативни активности за време на празникот со фокус на младите | Дистрибуција на едукативни флаери и пристојни подароци со едукативни пораки и ФБ активности | Јануари 2023 | Подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот |
| **6.1** | Во врска со целите од 2НС | Активности за одбележување на „Св Валентин“ и „Св Трифун“ во угостителски објекти | Сообраќајно едукативни активности за време на празникот со фокус на младите | Дистрибуција на пристојни подароци со едукативни пораки и ФБ активности | Февруари 2023 | Подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот |
| **7.** | Во согласност со точка 2.4 на 2НС и ЗБСП | **Организација и реализација на активности за зголемена употреба на сигурносни појаси и детски седишта** | Следење на нивото и тенденцијата на употреба на системи за пасивна безбедност (сигурносни појаси и детски седишта ), реализација на активности за едукација и поддигање на свеста за поголема употреба на системи за пасивна безбедност и утврдување на мерки за континуирано | Реализација на едукативни активности и научно истражување по метод на набљудување и спроведување на мерки за зголемена употреба на системи за пасивна безбедност | Март 2023 | Намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни несреки преку зголемена употреба на системи за пасивна безбедност – сигурносни појаси и детски седишта |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | дејствување во насока на нивна зголемена употреба | | | |
| **6.2** | Во врска со целите од 2НС | Активности за одбележување на „8-ми Март Ден на жените„ | Сообраќајно едукативни активности за време на празникот со фокус на жените возачи | Дистрибуција на флаери и пристојни подароци со едукативни пораки и ФБ активности | Март 2023 | Подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот со фокус на жените возачи |
| **7.** | Во согласност со 2НС и ЗБСП | **Кампања за безбедно учество во сообраќај со електричен тротинет** | Едукација на учесниците во сообраќајот за одговорно учество во сообраќај со електричен тротинет и подигање на свеста кај возачите да внимаваат на електричните тротинети | РСБСП во соработка со МВР и НВО. Изработка на сообраќајно едукативна литература – прирачник за управување на електричен тротинет, организација на јавни настани, „ герила“ акции, работилници на отворено, итн | Март- Мај 2023 | Подобрување на безбедноста на патниот сообраќај преку едукација на лицата кои управуваат електричен тротинет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Во согласност со 2НС и ЗБСП** | **Сообраќајно едукативни активности за поголема безбедност на децата во сообраќајот** | Подобрување на безбедност на децата во сообраќајот преку зголемена сообраќајна едукација на децата и подигање на свеста кај останати учесници во сообраќајот за внимателно и одговорно учество во сообраќајот | Организација на сообраќајно едукативни активности во градинките и училиштата (on line предавање, сообраќајна училница на отворено, театар на отворено, конкурс за ликовни и литературни творби на тема сообраќај, квиз натпревари, изработка и дистрибуцуија на сообраќајно едукативни материјали за деца, вежби за правилно преминување на улица- поддржани со маскоти, едукативно возење, итн и активности за подигање на свеста кај возачите за поголема внимателност во сообраќајот на места со зголемена фрекфенција на деца | Март - Декември 2023 | Подобрување на безбедност на децата во сообраќајот преку зголемена сообраќајна едукација на децата и подигање на свеста кај останати учесници во сообраќајот за внимателно и одговорно учество во сообраќајот |
| **8** | Во врска со точка 2.5 и 2.9 од 2НС | **Детски Семафор** и<br><br>**Сообраќајно-техничка култура на младите** | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку едукација и запознавање на децата и младите со основните правила во сообраќајот на начин прифатлив за нив | Активности на РСБСП во соработка со МОН во **организација на сообраќајно едукативни манифестации и активности од образовно -едукативен карактер** поврзани со учениците од основните и средните училишта | Во текот на 2023 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку образовно-едукативни активности со посебен ацент на подобрување на безбедноста на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | децата-учениците како учесници во сообраќајот |
| 9 | **Во согласност со 2НС и ЗБСП** | **Реализација на кампања „ Глобална недела за безбедност на сообраќајот “** | Широка општествена акција во пет општини во Република Северна Македонија за подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот и едукација на учесниците во сообраќајот. Кампањата ќе се реализира интензивно и масовно во траење од 5 дена во секоја од 5 –те општини посебно | Прв ден: Брендирање на јавните површини во населените места со билборди, банери, табли, прес конференција за медиуми итн. | Мај 2023 | Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку реализација на сообраќајно превентивни активности на локално ниво |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Широка општествена акција во пет општини во Република  Северна Македонија за подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот и едукација на учесниците во сообраќајот. Кампањата ќе се реализира интензивно и масовно во траење од 5 дена во секоја од 5 –те општини посебно | Втор ден: Организација на сообраќајно едукативни настани и предавања на отворено во детски градинки,  основни и средни училишта, пензионерски домови итн | Мај 2023 | Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку реализација на сообраќајно превентивни активности на локално ниво |
| | | | | Трет ден: Организација на дефиле за подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот и дистрибуција на едукативни материјали на плоштад, во ноќни клубови итн. Акцијата ќе биде поддржана од афирмирани личности на локално ниво | Мај 2023 | |
| | | | | Четврти ден: Организација на јавен настан  во центарот на градот – симулациона вежба за брзо и ефикасно постапување во случај на сообраќајна незгода | Мај 2023 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Петти ден: Акција за одбележување на пешачки премини, поставување на хелиумски балони итн. Акција за одбележување на сообраќајни полигони во основните училишта и организација на обука за вешто управување на велосипед | Мај 2023 | |
| **10** | Во согласност со точка 1.5.3 и 2.5 на 2НС | Реализација на **кампања за унапредување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот** | Брендирање на јавни површини со пораки за поголема употреба на велосипедот ( цртање на графити на школка, во парк , на велосипедска патека на кеј, поставување на едукативни табли, итн<br><br>Поставување на брендирани велосипеди со едукативни пораки на јавни места<br><br>Активности за поголема употреба на заштитна опрема за велосипедистите | Организирање и реализација на кампања за едукација на велосипедистите и подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на велсипедистите во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на велосипедистите како рамноправни учесници во сообраќајот. | Мај-Јуни 2023 | Намалување на бројот на сообраќајни незгоди во кои учесници се велосипедисти а со тоа и намалување на бројот на загинати и повредени велосипедисти во сообраќајни незгоди |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Изработка на едукативен материјал за најважни правила кои треба да ги знаат велосипедистите и за придобивките од употребата на заштитна опрема<br><br>Организација на велосипедско дефиле или хепенинг | | | |
| **11.** | Во согласност со точка 1.5.10 на 2НС и согласно ЗБСП | **Реализација на кампања за штетните последици од употребата на мобилни телефони при управувањето со моторно возило** | Едукација на возачите за штетните последици од управување на моторно возило под одвлечено внимание | Изработка и дистрибуција на едукативни материјали, радио пораки, видео материјали, закуп на медиумски простор за зголемување на свеста за штетното влијание на мобилните телефони при управувањето со моторно возило | Мај - Јуни 2023 | Намалување на користењето на мобилни телефони при управувањето со моторно возило, како и намалувањето на сообраќајните незгоди предизвикани од употреба на мобилни телефони |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **12.** | Во согласност со 2НС и согласно ЗБСП | **Реализација на активности за подигање на јавната свест кај младите за навремено полагање за возачка дозвола и неуправување на моторно возило без возачка дозвола** | Акција „ **Учам, полагам , возам** “. Организација на едукативни предавања во автошколите и организација на наградно натпреварување за добивање на награди и ваучери за полагања на возачки испит од А и Б категорија | РСБСП. МВР, Испитни центри и автошколите. Организација на едукативни предавања во автошколите и организација на наградно натпреварување за тоа колку ги познаваат сообраќајните правила и прописи | Во текот на 2023 | Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку намалување на бројот на возачи без возачка дозвола |
| **13.** | Во согласност со 2НС | **Едукативна акција „Еден ден во месецот со мојот повреден пријател во сообраќајна незгода“ и „ Јас изгубив многу, а ти научи и внимавај“** | Изработка на едукативни текстови, интервјуа, фотографиии со сообраќајно едукативни пораки<br><br>(Вистински животни сториисо едукативна порака за одговорно учество во сообраќајот) | РСБСП, ОСБСП, МВР, Министерство за здравство | Мај – Декември 2023 | Да се акцентираат последиците од непочитување на сообраќајните правила и прописи и да се прикаже страдањето во сообраќајните незгоди, со препораки истите да не се повторат |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **14.** | Во согласност со точка 1.5.2 и 2.5 од 2НС | Реализација на **кампања за унапредување на безбедноста на пешаците во сообраќајот** во соработка со МВР, МОН, и останати партнери | Подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на пешаците во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на ранливите групи на учесници во сообраќајот како рамноправни учесници во сообраќајот | Реализација на кампања-јавни настани за подобрување на безбедноста на пешаците во сообраќајот | Во текот на 2023 | Намалување на бројот на сообраќајни нзгоди во кои учесници се пешаците |
| | | | | Изработка и дистрибуција на едукативни материјали, радио пораки и закуп на медиумски простор во кои се наведени сообраќајните правила и прописи кои треба да ги почитуваат пешаците | | |
| | | | | Организација на акција за одбележување на пешачки премини и други сообраќајни површини | | |
| | | | | Организирање на акција за помош на повозрасни лица за правилно преминување преку улица, поставување на привремени ознаки (балони, табли и др) на пешачките премини, брендирање на автобуски постојки и др. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | Во врска со целите од 2НС | Кампања за поголема поддршка и солидаризација на возачите со сообраќајната полиција<br><br>„ Не блендирај-поддржи ја вистинската страна“ | Едукација и подигање на јавната свест кај возачите за поддршка на полицијата и санкционирање на неодговорните возачи | Изработка на едукативен видео материјал, ради пораки, текстови со едукативни пораки, дистрибуција на едукативни материјали и др. | Во текот на 2023 | Подигање на свеста за поддршка на полицијата и самкционирање на неодговорните возачи |
| **16.** | Во согласност со точка 2.3 од НС | **Организација и реализација на кампања „стоп за лековите во сообраќајот,,** | Подигање на јавната свест за штетните последици од користењето на лекови при управување со моторно возило | Во соработка со Црвен крст и медицински факултет - изработка на едукативни материјали и изработка на постери и банери и нивна дистрибуција во здравствени установи, станици за технички преглед, автошколи, итн. | Мај – Октомври 2023 | Намалување на бројот на сообраќајни незгоди предизвикани од употребата на лекови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **17.** | Во согласност со точка 2.3на 2НС | **Истражувачки проект за влијанието на лековите врз безбедноста на сообраќајот** | Подигање на јавната свест за штетните последици од користењето на лекови при управување со моторно возило | Изработка на стручна литература која понатаму ќе се користи за потребите на здравствените работници, студентите и др. | Мај–Декември 2023 | Намалување на бројот на сообраќајни незгоди предизвикани од употребата на лекови |
| **17.1** | Во врска со точка 2.11.1 и 2.3. од НС | **ON line -Едукативна работилница “Симптоми на лицата под дејство на психотропни супстанци”** | Оспособување на униформирани полициски службеници за препознавање на лица кои што управуваат со моторно возило под дејство на психотропни супстанци а со тоа и намалување на бројот на сообраќајни незгоди предизвикани од нив. | Изработка и дистрибуција на едукативни и стручни материјали, и др. | Во текот на 2023 | Намалување на бројот на лица кои што управуваат со моторно возило под дејство на психотропни супстанци како потенцијални предизвикувачи на сообраќајни незгоди преку нивно препознавање и санкционирање |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **18** | Во согласност со целите на 2НС<br>Во согласност со точка 1.5.4. на 2НС | **Организација на активности за поголема безбедност на мотоциклистите во сообраќајот** | Организација на трибини на отворено, хепенинзи и дефилеа за едукација на мотоциклистите и подигање на јавната свест за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот | Во соработка со МВР, Мотоциклистичка федерација, мотоклубовите и ОСБСП, релизирање на трибини и хепенинзи на отворено во повеќе градови на Р. С.Македонија.<br>Едукација на мотоциклистите и подигање на јавната свест кај учесниците во сообраќајот за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот | Во текот на 2023 | Зголемување на безбедноста на мотоциклистите во сообраќајот.<br>Намалување на бројот на сообраќајни незгоди со мотоцикли |
| | | | Изработка и дистрибуција на едукативни материјали за подигање на јавна свест кај мотоциклистите за нивно одговорно учество во сообраќајот и зголемена употреба на опрема за пасивна безбедност | Подигање на свеста за правилно и одговорно учество на мотоциклисите во сообраќајот. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **19** | Во согласност со целите на НС | **Кампања за подобрување на безбедноста на сообраќајот со посебен акцент на брзото и агресивно возење и алкохолот** | Едукација и подигање на свеста кај возачите за последиците од брзото и агресивно возење и возење под дејство на алкохол | РСБСП, МВР, ОСБСП едукација на возачите преку реализација на алкопатроли, зголемени алкоконтроли и реализација едукативни настани и дистрибуција на едукативни материјали | Јуни 2023 | Намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди како последица на брзо возење и возење под дејство на алкохол |
| **20.** | Во согласност со точките 1.5.5. на НС Во согласност со точка 1.5.7 и 2.3. на 2НС | **Кампања „Безбедно учество на младите во сообраќајот“** **.** | Организација и реализација на кампања посветена на младите во сообраќајот | Организирање на едукативни on line работилници, трибини, посета на ноќни клубови и припрема на едукативен материјал и видео пораки прилагодени за млади со цел зголемување на нивната свест за одговорно учество во сообраќајот | Во текот на 2023 година | Зголемување на безбедноста на младите во сообраќајот преку превентивно едукативни активности |
| | | | | Организација на јавни настани и едукативни предавања во средните училишта и високообразовните институции со примена на „Пијани наочари“ | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Организација на симулациона вежба со спасување на повредени лица во сообраќајни незгоди на јавни места со присуство на  ученици и млади лица | | |
| **21** | Во врска со точка 9;   9.3; и 9.4 од 2НС | **Активности за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку засилен ангажман и употреба на потенцијалите на учениците од средните стручни (сообраќајни) училишта во државата**. | Работилница со МВР и и претставници од Средните сообраќајни училишта за поголема пракса и поголема вклученост на учениците во сообраќајно едукативни проекти<br>Опремување на кабинети по сообраќај со нагледни и едукативни средства<br>Формирање, опремување и обука за училишните сообраќајни единици | Унапредување на сообраќајната едукација, спроведување  на предавање, организирање на училишни патроли и училишни сообраќајни единици, учество  во регулација на сообраќајот со МВР на учениците од стручните сообраќајни училишта, итн.<br>Партнери: Стручните училишта, ЛС, МВР и МОН | Во текот на 2023 | Зголемување на практичните знаења за сообраќајот на учениците од средните стручни(сообраќајни) училишта и подобрување на безбедноста на учениците во сообраќајот преку едукативно - воспитни активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.** | Во согласност со ЗБСП | **Кампања за безбедно учество во сообраќај на кружен тек** | Едукација на возачите за сообраќајните правила и прописи кои важат во кружен тек | Изработка на сообраќајно едукативна литература, on- line предавања, активности преку електронските и социјалните медиуми | Во текот на 2023 | Унапредување на сообраќајната едукација кај учесниците во сообраќајот |
| **23.** | Во согласност со целите од 2НС | **Активности за едукација на возачите на земјоделска механизација и работни машини за нивно одговотрно учество во сообраќајот** | Едукација и информирање на возачите на земјоделска механизација и работни машини за нивно правилно и одговорно однесување во сообраќајот, управување на регистрирани и технички исправни возила, нивно соодветно осветлување, итн. | Едуцирање на земјоделците и останатите возачи на работни машини за нивно правилно и одговорно учество во сообраќајот | Во текот на 2023 | Зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот со едукација на возачите на земјоделска механизација и работни машини |
| **24.** | Согласно целите на 2НС | **Организација на активности за подршка на лицата со ограничени можности за непречено учество во сообраќајот** | Активности на РСБСП и НВО за унапредување на безбедноста и мобилноста на лицата со ограничени можности во сообраќајот | Организација на едукативна јавна дебата, предавање и изработка на едукативен материјал | Во текот на 2023 | Поголема мобилност и поголема безбедност во сообраќајот на лицата со ограничени можности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **25** | Во врска со точка 2.9. од 2НС | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот во летниот период | Спроведување на кампања за подигање на јавната свест за влијанието на високите летни температури за способноста на управување со моторн возило, на условите на патот и на техничката исправност на возилата насловена како<br>**Летна кампања 2023**<br><br>Реализација на активности за подигање на јавната свест за почитување на правилата за ограничување на брзината<br>**Летна кампања 2023** | Изработка и дистрибуција на повеке јазични флаери и плакати, брендирани води и друг едукативен материјал на граничните премини, наплатните рампи, бензиски станици, станици за технички преглед на возила и останати пунктови на територијата на РСМ.<br><br>Акција „ ПИТ СТОП 1“. Поставување на брендирани штандови на бензиски станици или на јавни паркиралишта на кој на учесниците им се дели ваучер за гориво и се запишува време на издавање на ваучерот. Пример во Куманово и на Гевгелија ваучерот може да биде искористен само ако се регистара на штандот поставен во Гевгелија, во време пресметано и кое одговара на растојанието и брзината.<br>Награден не е оној кој вози брзо туку оној кој вози безбедно. | Јуни-Август 2023 | Подигнување на јавната свест за влијанието на високите температури врз безбедноста во сообраќајот и укажување на предизвиците врз безбдноста на сообраќајот во текот на летниот период |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **25** | Во врска со точка 2.9. од 2НС | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот во летниот период | Реализација на активности за подигање на јавната свест за влијанието на заморот и жешкото време<br>**Летна кампања 2023**<br><br>Реализација на активности за подигање на јавната свест за  користење на појаси<br>**Летна кампања 2023** | Акција „ ПИТ СТОП 2 “. Поставување на повеќе штандови во исто време на неколку локации долж еден патен правец. Секој кој ќе застане на трите штандови ќе добие по еден подарок најизменично, вода, овошје и кафе. И на последната станица награден ваучер.<br><br>Акција „ ПИТ СТОП 3 “. Акција заедно со МВР. Возилата кои ќе бидат запрени од полицијата доколку возачот и сопатникот користат појас ќе добијат ваучер за гориво. Доколку во возилото има патник на задното седиште и користи појас ќе добијат ваучер со поголема вредност. Акцијата ќе се рекламира преку радио и веб портали денот кога ќе се реализира за да биде актуелна. | Јуни-Август 2023 | Подигнување на јавната свест за влијанието на високите температури врз безбедноста во сообраќајот и укажување на предизвиците  врз безбдноста на сообраќајот во  текот на летниот период |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **25** | Во врска со точка 2.9. од НС | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот во летниот период | Реализација на активности за подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот во лето<br><br>**Летна кампања 2023** | Акција „ ЖЕШКО И ОДГОВОРНО 1“ На бѐзени или на плажите во Охрид, Струга и Дојран, поставување на макета од возило брендирано со едукативни пораки за безбедно учество во сообраќајот и поставување на паноа – табли на кој граѓаните ќе пишуваат пораки за одговорно учество во сообраќајот. Секој кој ќе напише порака на паното и кој истата порака ќе ја постира на фб или инстаграм ќе добие брендирана топка за на плажа, гума за во вода, чадор за сонце, капа, ладалка или слично. | Јуни-Август 2023 | Подигнување на јавната свест за влијанието на високите температури врз безбедноста во сообраќајот и укажување на предизвиците врз безбдноста на сообраќајот во текот на летниот период |
| | | | Реализација на активности за подигање на јавната свест за влијанието на алкохолот на способноста за возење<br>**Летна кампања 2023** | Акција „ ЖЕШКО И ОДГОВОРНО 2 “. Во летни дискотеки и клубови, група хостеси ќе вршат алкотестирање и секој кој нема да биде под дејство на алкохол ќе добие подароци- маици, привезоци за клучеви, спреј за во автомобил, сет за прва помош, фрешери за во кола, и друго. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **26.** | Во согласност со целите на 2НС | **Организација на активности за промоција на алтернативни облици на сообраќај насловена како 'Европска недела на мобилност"** | Активности за промоција на алтернативни форми на мобилност и промоција на еко возење | Активности на РСБСП во соработка со партнерите во организација на сообраќајно едукативни работилници, јавни настани, дефилеа и др | Септември 2023 година | Зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност и промоција на еко возење |
| **27.** | Во врска со глава 2 од 2НС | **Одбележување на „Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди"** | Подигање на јавната свет за фаталните последици од неодговорното учество во сообраќајот на патиштата. Поставување на искршени автомобили и макети на клучни места каде што се случиле сообраќајни незгоди, итн , организација на јавни настани, герила акции, и др. | Во соработка со МВР на јавни места и местата каде што се случиле најмногу сообраќајни незгоди т.н.црни точки да се постават возила оштетени од сообраќајни незгоди или макети | Во текот на месец Ноември 2023 | Подигање на свеста за последиците од сообраќајните незгоди |
| **28.** | Во врска со глава 2 од 2НС | Интернет кампања со сообраќајно едукативни совети и сообраќајни правила | Користење на интернет просторот за едукација на учесниците во сообраќајот | Активност на РСБСП за едуцирање на учесниците во сообраќајот за одговорно учество во сообраќајот и едуцирање и потсетување за сообраќајните правила | Во текот на 2023 | Намалување на бројот на загинати и повредени од сообраќајни незгоди преку информирање, едуцирање на учесниците во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **29.** | Во врска со точка 2.8. од 2НС | **Активностите за формирање на Општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и формирање на Градски совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Град Скопје** | Намалување на бројот на сообраќајни несреќи и загинати лица на територијата на град Скопје и во Република Северна Македонија преку зголемени превентивни активности на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | Органицација на состаноци и средби за воспоставување на директна комуникација со претставниците на локалната самоуправа и град Скопје за формирање на ОСБСП и совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Град Скопје | Во текот на 2023 | Засилување на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво |
| **29.1** | **Во согласност со 2НС** | **Организирање на работилница на тема: " Сообраќајно превентивни активности за побезбеден сообраќај на локално ниво"** | Организација на работилница со претставници на ОСБСП со цел нивна обука и јакнење на нивните капацитети за сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво | Организација на работилница со претставници на ОСБСП | Во текот на 2023 | Јакнење на капацитетите на ОСБСП и зголемување на сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво |
| **30.** | Во согласност со целите на 2НС | **Активности за опремување, поддршка, формирање и функционирање на училишните сообраќајни единици** | Формирање на училишни сообраќајни единици во основни училишта во Република Северна Македонија | РСБСП и ОСБСП во соработка со , МВР, МОН и основните училишта и локалната самоуправа | Во текот на 2023 година | Сообраќајна едукација на децата и унапредување на безбедноста на сообраќајот на локално ниво |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **31.** | Во согласност со целите на 2НС | **Зимска Кампања** | Реализација на активности за подигање на јавната свест за поголема употреба на зимска опрема прилагодување и одговорно учество во сообраќајот во зимски услови на патиштата | РСБСП во соработка со МВР, ОСБСП и останати партнери, реализација на активности за безбедно учество во сообраќајот во зима. Организација на јавни настани, дистрибуција на едукативни материјали.. | Јануари - Февруари 2023 и Ноември – Декември 2023 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот во зимскиот период од годината |
| **32.** | Во согласност со целите на 2НС | **Изработка на сообраќајно воспитен и пропаганден материјал, и др. за реализирање на содржините од програмата.** | Печатење и дистрибуција на сообраќајно едукативни материјали за зголемување на сообраќајната едукација и подигнување на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот | Континуирана сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот со помош на сообраќајно едукативни материјали како активност на РСБСП и партнерите | Во текот на 2023 година | Зголемена сообраќајна едукација и подигање на свеста за правилно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата |
| **32.1** | Во согласност со целите на 2НС | **Изработка на сообраќајно едукативен видео материјал- видео спотови во согласност со содржините од програмата** | Изработка и емитување на видео спотови за зголемување на сообраќајната едукација и подигнување на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот | Континуирана сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот со помош на сообраќајно едукативни спотови | Во текот на 2023 година | Зголемена сообраќајна едукација и подигање на свеста за правилно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **33.** | Во согласност со целите на 2НС | **Реализација на активности за унапредување на работата на станиците за технички преглед и реализација на активности подигнување на јавната свест за важноста на техничката исправност на возилата.** | **Акција " Само технички исправното возило е безбедно возило " и акција „ Во сообраќајот нема место за технички непрегледани неисправни и нерегистрирани возила."** Организација на акција за бесплатен превентивен технички преглед и акција за субвенциониран технички преглед и субвенционирана полиса за возила кои не се регистрирани повеќе од 12 месеци. Изработка и дистрибуција на едукативен материјал и засилени контроли од сообраќајната полиција. | РСБСП, МВР во соработка со Станиците за технички преглед и Националното биро за осигурување. | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку зголемување на техничката исправност на возилата и намалување на бројот на нерегистирани возила учесници во сообраќајот |
| **33.1** | Во согласност со целите на 2НС | **Тркалезна маса на тема „ Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку унапредување на квалитетот на работа** | Организација на тркалезна маса и стручна литература за унапредување на квалитетот на работа на станиците за технички преглед. | РСБСП во соработка со МВР, МТВ-ски, Станиците за технички преглед, и др. | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку зголемување на техничката исправност на возилата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **на станиците за технички преглед“** | | | | |
| **34.** | Во согласност со целите на 2НС | **Активности за зголемување на знаењата на учесниците во сообраќајот и унапредување на работата на автошколите и испитните центри** | Изработка на стручна литература и организација на стручни трибини и едукативни настани за нивна промоција | Проширување на достапната литература од областа на безбедноста на сообраќајот<br><br>РСБСП во соработка со МВР, испитните центри, автошколите и др. | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку унапредување на работата на автошколите и испитните центри |
| **35.** | Во согласност со целите на 2НС | **Активности за унапредување на работата на сообраќајните вештаци** | Изработка на стручна литература и организација на стручни трибини и едукативни настани | РСБСП во соработка со МВР, Биро за вештачење и др. | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку унапредување на работата на сообраќајните вештаци |
| **36.** | Во согласност со целите на 2НС | **Радио Емисија од областа на сообраќајот** | Сообраќајно едукативна емисија на радио мрежа со нацонална концесија со цел информирање и едуцирање на учесниците во сообраќајот и подигање на свеста за нивно правилно | РСБСП во соработка со партнерите | Во текот на 2023 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку зголемена сообраќајна едукација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | учество во сообраќајот | | | |
| **37.** | Во согласност со целите на 2НС | Сообраќајно превентивни активности на РСБСП во соработка со ОСБСП и СБСП на Град Скопје | Унапредување на сообраќајно превентивнито дејствување на локално ниво преку соработка, подршка и зајакнување на капацитетите и унапредување на работата на ОСБСП и СБСПГС преку реализација на заеднички активности | РСБСП, СБСП на Град Скопје ,ОСБСП и останати партнери Организација на заеднички кампањи, јавни настани, сообраќајно едукативни трибини, предавања, обуки, работилници  и останати активности на територијата на цела Република Северна Македонија | Во текот на 2023 година | Поголема безбедност на сообраќајот на патиштата преку засилени активности на локално ниво и јакнење на капацитетите на ОСБСП и СБСП на Град Скопје |
| **38.** | **Во врска со целите од 2НС** | **Следење и анализа на законската регулатива поврзано со безбедноста на патниот сообраќај** | Активности за континуирано следење и анализа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и изготвување на предлог  материјали за измени и дополнување на законската регулатива | Активности за компарација на законската регулатива со земјите од ЕУ, Консултурање на стручната јавност за подобрување на законската регулатива Следење на безбедноста на сообраќајот на патиштата, детектирање на проблемите и заканите и изготовка на предлог решенија за подобрување на регулативата | Во текот на 2023 година | Подготовка на материјали за подобрување на законската регулатива поврзана со безбедноста на сообраќајот на патиштата |

<table>
<tr><td>39.</td><td rowspan="2">Во врска со целите од 2НС</td><td rowspan="2">Активности за континуирано одржување на Веб страната на РСБСП и сообраќајно едукативно дејствување преку социјалните медиуми</td><td>Активности за континуирано одржување на Веб страната и реализација на интернет кампањи за едукација на учесниците во сообраќајот преку фејсбукот и инстаграм на РСБСП</td><td>Изработка и објава на сообраќајно едукативни текстови, пораки совети и електронски банери.<br>Изработка и објава на информации за бројот на загинати и повредени во сообраќајни незгоди<br>Изработка и објави на информации за реализираните активности од страна на РСБСП и партнерите</td><td rowspan="2">Во текот на 2023 година</td><td rowspan="2">Транспарентност во работата на РСБСП и едукација на учесниците во сообраќајот преку интернет медиумите</td></tr>
<tr><td></td><td>Одржување на Веб страна за деца со цел континуирана сообраќајна едукација на децата преку објава на едукативни соодржини, текстови, игри, фотографии итн</td><td>Изработка на сообраќајно едукативен материјал , боенки, тестови за проверка на знаење и друг едукативен материјал наменет за децата од школска и предшколска возраст.</td></tr>
<tr><td>40.</td><td>Во врска со целите од 2НС</td><td>Активности за поттикнување и соработка со опшествено одговорни компании за зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата</td><td>Реализација на превентивни активности и изработка и дистрибуција на едукативни материјали во соработка со одговорни компании и заедничка организација на сообраќајно едукативни настани, манифестации, итн.</td><td>Изработка и дистрибуција на налепници – Пријави прекршок – наменета за возилата и возачите вработени во компаниите.<br>Организација на јавни настани, изработка на едукативни материјали, итн.</td><td>Во текот на 2023</td><td>Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата со поддршка на општествено одговорно компании и поединци</td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **41.** | **Во согласност со 2НС** | **Европски записник – правила за негова употреба.** | Активности за едаукација и информирање на возачите за правилно потполнување на Европски записник | Изработка на сообраќајно едукативни материјали и текстови, со прецизирање на законските обврски и права за употреба и пополнување на европски записник во случај на сообраќајна незгода. | Во текот на 2023 година | Поголема безбедност и мобилност на сообраќајот преку правилно постапување на возачите во случај на сообраќајна незгода со мала материјална штета. |
| **42** | Во врска со глава 2 од 2НС | **Реализација на активности за едукација и подигање на јавната свест за правилно паркирање и отстранување на хаварисани возила од тротоари и други јавни површини** | Организирање на кампања за зголемување на јавната свест за штетните последици од погрешното пракирање | Во соработка со МВР, и ЈП - организација на едукативни акции за отстранување на хаварисани возила, активности за подигање на јавната свест за правилно паркирање, дистрибуција на едукативни материјали, изработка на фотографии, банери, и поставување на сообраќајно едукативни материјали во форма на табли за ослободување на паркинг места наменети за лицата со посебни потреби. | Во текот на 2023 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот и неговата протечност преку подигање на јавната свет за важноста и потребата од правилно и одговорно паркирање на моторните возила. |

Претседател на РСБСП

м-р. Гордана Кожуваровска